ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-3358/2
Датa, Data 09-04-2025
СКОПЈЕ - ШКУП

Врз основа на член 6 став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор, член 37-н од Законот за јавните претпријатија и член 22 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерен оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги на ЈП Водовод и канализација –Скопје арх.бр.0202-4203/4 од 27.04.2022 година, и Барањето за објавување на интерен оглас за унапредување на даватели на јавна услуга во областа комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од група III, подгрупа 5 со арх.бр. 0401-3358/1 од 09.04.2025 година, ЈП Водовод и канализација – Скопје објавува

# И Н Т Е Р Е Н О Г Л А С бр.5/2025

за унапредување на давател на јавна услуга во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од група III, подгрупа 5 во ЈП Водовод и канализација – Скопје за следното работно место

1. КДР0305Б02052 Оператор на пумпна станица (питка вода) во Одделение за експлоатација на капацитети, Сектор Експлоатација и одржување на капацитети (ЕОК) – 1 извршител

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

- за нивото Б2, стекнато најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование;
- за нивото Б2 најмалку две години работно искуство во струката.

**Потребни работни компетенции:**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни и
- финансиско управување.

Паричен нето износ на плата 31.770,00 денари

- Распоред на работно време
  Работа во две смени: 1-ва смена од 07:00 до 19:00 часот и 2-ра смена од 19:00 до 07:00 часот наредниот ден или неделно работно време 40 работни часа.

Рок за пријава:
Рокот за пријавување по Јавниот огласот изнесува 5 (пет) работни дена од денот на неговото објавување.
Пријавите за унапредување се пополнуваат на образец изготвен од страна на претпријатието која може да се подигне од Архивата на ЈП Водовод и канализација – Скопје.

Пополнетите пријави се доставуваат во Архивата на ЈП Водовод и канализација – Скопје на адреса ул.„Лазар Личеноски“ бр.9 Скопје, контакт телефон 02/3073-010 лок 357 лице за контакт Горан Михајлов.

**Со пријавата по огласот кандидатот треба да достави:**

1. Уверение или Решение за државјанство (фотокопија);
3. Диплома за завршено средно образование (фотокопија заверена на нотар) и фотокопија свидетелства од I до IV година;
4. Доказ дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена мерка забрана за вршење на професија, дејност или должност;
5. Доказ за работно искуство;
6. Лекарско уверение или Извештај за извршен периодичен насочен систематски здравствен преглед.

Постапката за селекција за унапредување на даватели на јавни услуги во претпријатието се состои од две фази и тоа:
Фаза 1 – Проверка на внесените податоци во пријавата со условите предвидени во огласот и проверка приложените докази;
Фаза 2 - Интервју
Изборот на кандидат ќе се изврши во рок од 3 (три) дена по завршување на постапката за селекција за унапредување на даватели на јавни услуги.

ЈП Водовод и канализација – Скопје
Д и р е к т о р,
М-р Тони Миновски

Изработил: Миа Причкова
Одобрил: Горан Михајлов